КИРСМ
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА
РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
Бр. 02-326/3
27.07 2023 год.
СКОПЈЕ

Врз основа на член 78 став 1 точка к) од Законот за извршување („Службен весник на РМ"бр.72/15, 142/16, 233/18 и 14/20) Управниот одбор на Комората на извршители на РСМ на 245-та седница на Управниот одбор на КИРСМ одржана на ден 27.07.2023 година, го усвои следното:

ПРАВНО МИСЛЕЊЕ

Извршителот не е надлежен по службена должност да одлучува за застареност на побарување, утврдено во извршна исправа за кое е поднесено барање за извршување, член 368 став 1 и 2 од ЗОО (по измените од член 2 на ЗИД на ЗОО од 20.07.2023 година)

Извршителот не е надлежен по службена должност да одлучува за застареност која тече во извршна постапка од член 368 став 3 од ЗОО (по измените од член 2 на ЗИД на ЗОО од 20.07.2023 год). Прекин на застареноста во извршувањето, се смета дека настапува со секоја уплата на дел од побарувањето на должникот, од кој момент повторно тече рокот од став 3 од член 368 од Законот за облигационите односи.

Секој поднесок од странка во кој се повикува на застареност, извршителот со заклучок ќе го отфрли поради ненадлежност.

Согласно измените од Законот за изменување и дополнување на Законот за извршување од 20.07.2023 година (понатаму како ЗИДЗИ) извршителот при изготвување на налозите за извршување во делот на налогот во кој се наведува податок за каматата ќе ги додаде зборовите: „каматата тече до моментот на конечна исплата, односно до моментот кога неисплатената казнена камата ќе го достигне износот од главниот долг."

Налозите за извршување издадени до стапување на сила на ЗИДЗИ од 20.07.2023 година а кои ќе се реализираат во иднина, нема да се дополнуваат во смисла на законските измени во однос на каматата. Извршителот при наплатата е должен да внимава на висината на неисплатената казнена камата да не го надмине износот на главниот долг.

Извршителот кој спроведува извршување кон кое пристапиле други извршители со свои налози, не е надлежен по тие налози да внимава на висината на каматата, во смисла на одредбите од ЗИДЗИ од 20.07.2023 год, туку за секој од нив е должен да внимава извршителот кој го издал налогот за пристапување кон извршување.

**КОМОРА НА ИЗВРШИТЕЛИ НА**
**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
Претседател на Управен одбор,
Ванчо Марковски